РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2775/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиските програмски сервиси МРТ1, МРТ2 и МРТ5 од Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје; девет национални комерцијални телевизии: ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ Шења, ТВ 24 Вести и Наша ТВ; и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ), и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (Move)

3. **Период опфатен со надзорот:** /

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 јули 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 26 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(Давателите на медиумски услуги усвојуваат акциски план за пристапност на нивните услуги за лицата со попреченост за наредната година и го доставуваат до Агенцијата, најдоцна до 31 декември во тековната година);*
- **Член 9 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги** Бр.01-2750/1 од 13.06.2024 година (*Обврска за усвојување и доставување годишен акциски план имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање*)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Обврска да достават годишен акциски план за пристапност на услугите за лицата со попреченост за 2026 година, имаа три ТВ сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, девет национални

комерцијални телевизии и три даватели на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање. **Во законски утврдениот рок, до 31 декември 2025 година, освен ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести и Наша ТВ, годишни акциски планови за пристапност до услугите за 2026 година, доставија сите други даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на кои се однесува законската обврска** – од ТВ сервисите: МРТ1, МРТ2, МРТ5, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ Шења, а од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ), и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (Move).

**Доставените акциски планови беа комплетни и уредно пополнети само кај четири даватели на аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма и ТВ Шења.** Поради тоа во текот на јануари 2026 година, **Агенцијата испрати укажувања до сите останати даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на кои се однесува обврската за достава на годишни акциски планови за пристапност, со барања** ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести и Наша ТВ да достават годишни акциски планови за 2026 година, а другите даватели на медиумски услуги да ги корегираат констатираните недостатоци во доставените акциски планови и да достават корегирани годишни акциски планови за 2026 година. **За исполнување на овие барања беше утврден дополнителен рок, најдоцна до 9 февруари 2026 година, кој исто така, не беше почитуван од дел од овие субјекти.**

Констатираните недостатоци во доставените акциски планови главно беа поврзани со законското барање давателите на аудиовизуелни медиумски услуги прогресивно да спроведуваат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост. Со цел да се обезбеди кумулативен ефект, според *Правилникот за пристапност до медиумските услуги* ова значи дека телевизиите на национално ниво треба да прават пристапна за лицата со попреченост најмалку една дополнителна програма секоја наредна година, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање секоја наредна година да ја зголемуваат понудата во нивните каталози за најмалку дополнителни 2%.

Освен недостатоците поврзани со барањето за прогресивно исполнување на обврската за пристапност, кај дел од телевизиите кои имаат законска обврска за достава на годишни акциски планови недостигаа податоци за насловите на програмите што планираат да ги емитуваат и за периодите на нивно емитување.

При повторното разгледување на доставените акциски планови и на доставените корегирани акциски планови, беше утврдено дека доставениот годишен акциски план за 2026 година на ТВ Алсат-М е идентичен со годишниот акциски план за 2025 година. По дополнителни консултации, медиумот достави корегиран акциски план дополнет со уште една програма во однос на претходната година.

**По комплетирање на податоците, иако одложено поради претходно наведените причини, може да се констатира дека сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги со обврска за достава на годишни акциски планови за пристапност на нивните услуги, ги доставија акциските планови за 2026 година и плановите според содржината се во согласност со законското барање за прогресивно исполнување на обврската.**

На веб страницата на Агенцијата (https://avmu.mk/licasosetilnapoprecenost/) е достапен Прегледот на програми што ќе бидат достапни за лицата со сетилна попреченост во 2026 година.

Прегледот редовно се ажурира со информациите што ги доставуваат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги поврзани со измени на насловите на планираните содржини или периодите на нивно емитување.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***